# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## СОРАБОТНИК ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ
## (Кавадарци)

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС (Техничко – технолошки факултет, биохемија)
- Напредно познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на Microsoft Office
- Одлични комуникациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура
- Возачка дозвола Б категорија

**Клучни одговорности:**

- Секојдневна контрола на квалитетот на производите
- Контрола на влезни материјали, суровини и помошни материјали преку соодветни мерења и компјутерска обработка на податоците
- Се грижи пратките да се проследени со соодветни сертификати и анализираните параметри да се во согласност со спецификациите
- Проверка на квалитетот со помош на анализи на причините за негативните резултати, откривање на причинителот и давање сугестии и препораки за корективни мерки со цел да се отстранат отстапувањата од стандардниот квалитет
- Статистичка обработка на добиените резултати од анализите за квалитет
- Контрола на материјали за пакување со помош на апарати и мерни инструменти
- Уредно архивирање на документација
- Изработка на дневни и неделни прегледи и извештаи

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, можности за обуки и кариерен развој. Изборот на кандидатите ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 23.02.22 година.**

